# Ромите во населбата Средорек

Мартин Демировски



## 1. Населението во Македонија и етничките и меѓунационалните односи

Република Македонија е мултиетничка држава. Во Македонија живеат повеќе национални групи меѓу кои: Македонци, Албанци, Турци, Роми, Срби и Власи. Сите државјани на Р. Македонија се еднакви пред законот. Уставот на Република Македонија и законите пружаат заштита на сите етнички, културни, јазични и религиски ентитети од сите малцинските групи. Кон овој дел од Уставот се приклучува и правото на школување на мајчин јазик на сите малцински групи.

Следната табела ја презентира етничката структура на населението кое живее во Македонија и промените на бројноста во тек на неколку години. Бројот на македонското населението (мнозинство) е во нагорна линија, но во однос на бројот на Албанците кој што рапидно расте. Од друга страна бројот на Турците и Србите оди по надолна линија. Интересно е што во оваа официјална табела (документ) не е споменат бројот на Роми како битен ентитет во Република Македонија.

*Табела 1*

| | 1953 | 1961 | 1971 | 1981 | 1991 | 1994 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонци | 860,699 | 1000,854 | 1,142,357 | 1,279,323 | 1,328,187 | 1,378,687 |
| Албанци | 162,524 | 83,108 | 279,871 | 377,208 | 441,987 | 478,967 |
| Турци | 203,928 | 131,481 | 108,552 | 86,591 | 77,080 | 81,615 |
| Срби | 35,112 | 42,728 | 46,465 | 44,468 | 42,476 | 39,865 |
| Други | 42,241 | 47,832 | 64,645 | 121,546 | 143,935 | 96,058 |
| ВКУПНО | 1,304,504 | 1,406,003 | 1,641,890 | 1,909,136 | 2,033,665 | 2,075,192 |

*Табелата е документ земен од Историско-културниот центар на Р. Македонија*
http://fag.macedonia.org

Етничките тензии се присутни во македонското општество, наспроти загарантираните права на сите етнички групи споменати во уставната структура на Македонија. На ова се надоврзува и фактот дека владата на Република Македонија се стреми кон политика на мирна интеграција на сите етнички групи во општеството.

Основните причини за ваквите тензии можат да се идентификуваат како наследено меѓусебно недоверие и предрасуди помеѓу етничките групи. Тензиите најчесто се појавуваат помеѓу мнозинство и малцинство но, исто така, и помеѓу две или повеќе малцински групи.

Претставниците на албанската заедница се најголемата малцинска група (23 проценти од целата популација која живее во Македонија) која се сретнува со евидентна дискриминација. Тензиите се повеќе евидентни во западниот дел на Македонија. Најпознатиот и најкритикуваниот случај со Албанците беше прашањето на школување на албански јазик на универзитетско ниво. После неколку тешки и опасни случки во Македонија во измината година, ова прашање беше стишено благодарејќи на македонската и албанската партија кои беа коалициони партнери во тогашната влада на Р. Македонија.

Турците, кои се застапени со 4 проценти во целокупното население во Македонија, исто така се сретнуваат со владина, општествена, и културна дискриминација. Нивните главни жалби доаѓаат од областа на школувањето и нивната медиумската застапеност во општеството. Школувањето на турски јазик е многу „популарна” тема во последната година. Турците имаат свои ТВ програми и весници на турски јазик. Нивното политичко движење е преставено преку Демократската унија на Турците. Спорно прашање помеѓу Турците во Македонија е школувањето на нивен мајчин јазик.

Србите сочинуваат само 2 проценти од целокупното население на Р.Македонија. Покрај нивната застапеност во општеството, и тие се сретнуваат со некои појави на дискриминација. Тоа значи дека и тие се застапени преку нивните редакции при неколкуте ТВ станици во Македонија. Но, за жал, освен редакција при Македонската ТВ сите други се на локално ниво. Од аспектот на школување на нивен мајчин јазик зборуваат фактите каде што малите Срби можат да се школуваат на нивен мајчин, српски јазик. Но, во последниот период школувањето на српски јазик не е многу барано, како што, впрочем, тоа го покажуваат примерите во Куманово и во околината на Скопје. На пример, во Куманово, во училиштето „Вук Караџиќ”, постојат паралелки на српски јазик но имаат проблеми со капацитетот на ученици кои што сакаат да учат на овој јазик. Во тоа време на овие и слични прашања Владата има одговорено дека е многу скапо за земјата да има ваков тип на школување каде што во исто време нема многу интерес за истото од страна на децата.

Македонските муслимани (Торбеши) и Босанските муслимани (Бошњаци) исто така се процентулано застапени во Р. Македонија. Бошњаците се малцинска група која смета дека Босна и Херцеговина е нивната татковина. Во 1998 Бошњаците од Македонија имаат формирано политичка партија

која ќе го застапува прашањето и интересот на Бошњаците. Во исто тоа време кога ја формираа политичката партија имаа учество со свој кандидат на политичките избори за пратеници. Но овој чекор на Бошњаците не наиде на успех.

Јавноста, Владата и интернационалните организации кои се во Р. Македонија главно се сконцентрирани на односот помеѓу Македонците и Албанците. Многу малку од овие релевантни институции имаат посветено внимание на тешките проблеми и на односот помеѓу Албанците и Ромите, Албанците и Турците во Македонија. Само во последниве две години владините и невладините организации во Македонија ја имаат идентификувано тензијата која постои помеѓу различните малцински групи во македонското општество. На база на овие или слични прашања, некои меѓународни невладини организации започнаа да работат на промоцијата на меѓунационалните односи и толеранцијата. Вакви програми најчесто се започнати во Тетово, Скопје, Гостивар, Куманово и други градови од Западна Македонија. Институтот Отворено Општество – Македонија, King Baudouin фондацијата од Белгија и Search for Common Ground беа првите кои започнаа реализација на овој тип на програми.

## 2. Ромите во Македонија

### *2.1. Општа презентација*

Во очите на многу посматрачи, Ромите се познати како луѓе кои патуваат низ светот, талентирани за музика, или пак како луѓе кои се занимаваат или живеат од продавање на разни работи на нелегален начин. Ова, многу често, се само гнасни предрасуди за Ромите кои уште се пропратени и со дека тие се needуцирани, имаат црна кожа, склони кон крадење итн. Но, едно е вистина: Ромите се разликуваат од сите други националности. За да ги разбереме сите тие разлики ќе мораме да ги заборавиме нашите предрасуди. Различните студии кои што постојат главно се од областа на етнологијата и антропологијата, и тие потврдуваат дека Ромите доѓаат од Индија. Врз база на некои мислења, денес во светот живеат некаде околу 12.000 Роми. Како и секогаш, оваа бројка не треба да се земе за крајна затоа што многу тешко е да се „избројат" Ромите: затоа што се растурени насекаде по светот. Кон оваа треба да се додаде и тоа што на многу Роми не им е дозволено да се искажат како Роми. Но, исто така, кон ова има и еден „срам" помеѓу самите Роми кои што не сакаат да признаат дека ѝ припаѓаат на оваа националност.

Во 1971, на Првиот ромски конгрес во Лондон, една од точките беше промената на името или користење на друго име, Роми за замена на Цигани. Зборот „Ром" во превод на ромски јазик значи „Човек".

Во последниве години ромското прашање оди по нагорна линија каде што многу владини и невладини организации имаат дејствувано со конкретни активности на оваа поле.

## *2.2. Македонските Роми, главни црти на нивниот идентитет и главни проблеми*

Историски, Ромите во Македонија припаѓаат на т.н. прва група којашто влезе или почна да се населува во Европа. Поточно, тие застанале во тогашната Југославија, каде што некои од нив и одлучиле да останат засекогаш, додека другите го продолжиле својот пат кон Западна Европа.

На почетокот повеќето Роми беа населени по селата. Само мали групички размислуваа и бараа работа по околните градови каде што не беа „мили гости" кај локалното население. Но, како и секогаш, годините донесуваа и промени во корист на Ромите.

Како што веќе еднаш е споменато, Ромите во официјалната статистика на население во Македонија се застапени со 2.2%. Но, ние мораме да земеме повисок процент затоа што реалноста секогаш покажува повисок степен.

Ромите во Македонија поединечно егзистираат преку повеќе ромски групи како на пр. Арлие или Ерлие, Џамбази или Гурбети, Ковачи или Арабџие, Маљоци, Гавутне и други. Помеѓу овие групи постојат разлики во јазикот кој што го зборуваат, економскиот и социјалниот статус и религиската припадност. Многу од Ромите се невработени и македонската држава постојано се обидува да им помогне преку некои социјални програми. Социјалните програми имаат финансиски ограничувања, така што многу често не се доволни за потребите на една просечна ромска фамилија што значи дека не се доволни за еден нормален живот на истата. Оваа причина и редица други ги присилуваат Ромите да работат некоја работа која што би им го олеснила животот. Па така, најчесто, Ромите продаваат на пазарите започнувајќи со храна па до облека. Некои од Ромите, но многу ретко, работат во јавните институции како на пр. во комунални фирми.

### *2.2.1. Ромите и ромскиот јазик*

Општо гледано, многу од Ромите кои живеат во Македонија го зборуваат својот мајчин јазик, ромскиот јазик. Загрижувачки факт на некој начин е тоа што Ромите од западниот дел на Македонија не го знаат ромскиот јазик. Причина за ваквите појави во македонското општество или пак помеѓу Ромите може да се бара низ историјата на мигрирањето на Ромите и во повеќето обиди за нивна асимилација. Денес оваа група на Роми го зборува само албанскиот и турскиот јазик. Правите примери за веќе споменатата асимилација можат де се „видат" во Тетово, Гостивар, Дебар и други градови во Западна Македонија. Додека, пак, во источниот дел на Македонија, Ромите зборуваат турски и ромски јазик. Во истиот овој регион, поточно речено во Штип и Кочани, постојат т.н. групи на Роми кои се декларираат како ТУРЦИ.

### *2.2.2. Религија*

Во последниве неколку години прашањето на религијата се појави на голема врата меѓу Ромите. Мнозинството Роми припаѓаат на исламската вероисповест.

Тие имаат свои сопствени организации и заедници. Многу мал број на Роми доаѓаат од христијанската вероисповест.

Односите помеѓу овие две различни верски групи се заснивaат на наследено меѓусебно недоверие и предрасуди. Тоа значи, по мислењето на муслиманските Роми, Ромите кои припаѓаат на христијанската вероисповест не се вистиниски Роми. Едно од поновите верски движења помеѓу Ромите е религијата на Јеховините сведоци која се базира на учењето по Библијата. Роми кои се промотери на оваа религија најчесто во Македонија се дојдени од Западноевропски земји, најчесто од Германија и Белгија. Но, оваа религија е сеуште неприфатена целосно или Ромите немаат добро мислење за неа.

*2.2.3. Ромски средини или населби*

Повеќето од странците кои доаѓаат да ја посетат Македонија и оние кои се повеќе заинтересирани за прашањето на Ромите, секогаш се радуваат на идејата за посета на Шуто Оризари (Шутка), една од најголемите ромски населби во Македонија. Пред три години Шуто Оризари беше прогласено за општина и како нејзин градоначалник по пат на избори се избра Ром. Општо земено, сите градови во Македонија имаа свои помали или поголеми ромски средини или населби. Секогаш од лицето на тие населби може да се забележи сиромаштијата. Тоа најчесто се средини коиэшто немаат водоводна мрежа, немаат изглед дека во нив се води цивилизиран живот, а самите Роми кои што живеат во вакви населби се невработени.

*2.2.4. Човекови права*

Многуте странски истражувачи и невладни организации кои што работат на ромското прашање, за Македонија велат дека: *Македонија дава позитивен пример што сите држави би требале да го следат.*

Веројатно сакале да кажат дека Ромите во Македонија не се изложени на појави каде што Ромите би биле сметани како малцинство од пониско ниво во општеството или не се дискриминирани како што е случај во повеќе други земји.

Но, сликата е многу покомплицирана. Повеќето од домашните и некои од меѓународните организации кои што работат на прашањето на човековите права имаат забележено случаи на кршење на основните човекови права кај Ромите.[1] Од друга страна, меѓунационалните односи гледани од страна на Ромите се исто така лоши, поточно речено односите помеѓу Албанците и Ромите по косовската криза. Прашањето на добивање на државјанство е сеуште на врвот на проблеми помеѓу Ромите. Имаше забележано бројни примери и случаи каде што Ромите го немаат решено проблемот со државјанство. Случаите со проблемот на малтретирање на Ромите, Ромите

---

[1] Проблемот на ромските права во Македонија систематски и комплетно беа набљудувани од страна на Европскиот центар за првата на ромите од Будимпешта. Во Јули 1998 центарот објави своја публикација *Плеасант Фицтион, кој преставува детален осврт и извештај за статусот на ромите и нивните човекови права во Македонија.*

кои бараат помош од владините институции или пак кога бараат работа, се постоечки проблеми кои што ја покажуваат дискриминацијата кон Ромите. Кон сето оваа се приклучуваат и проблемите со третманот на Ромите на јавните места и нивните права кога тие се во клубовите или пред нив итн.

*2.2.5. Образование*

Во 1996 година во Македонија во неколку основни училишта започна факултативна настава на ромски јазик. Но, голем и сериозен проблем помеѓу Ромите беше недостатокот на ромски учители во училиштата, кој што директно и се рефлектираше и влијаеше на тоа факултативната настава да престане. Процентот на Роми кои што имаат завршено факултетско образование е неверојатно мал, и во овој проблем има уште едно „фактче" кое што објаснува и потврдува дека некои од Ромите кои што веќе завршиле некој вид на факултетско образование повеќе не сакаат да се декларираат како Роми. Повеќето од истражувачите овој проблем го објаснуваат со следново: причина за ова е ниската социјална и дискриминираната положба на Ромите во македонското општество.

*2.2.6. Политички живот*

Ромите од Македонија учествуваат во политичкиот живот на македонското општество, главно преку 3 различни политички партии. Понекогаш бројот на партиите е навистина неразбирлив затоа што сите од нив имаат иста мисија.

Навистина загрижувачки е и честиот чекор на другите нeромски партии за време изборите кога тие ги злоупотребуваат гласовите на Ромите т.е. феноменот на „продавање на ромски гласови".

ПЦЕРМ – Партија за целосна еманципација на Ромите во Македонија е најстарата ромска партија во Македонија. Првиот претседател на партијата воедно беше и пратеник во претходната структура на Парламентот на Р. Македонија.

СРМ – Сојуз на Ромите во Македонија – претседателот на партијата г-дин Амди Бајрам е пратеник во Парламентот на Р. Македонија.

ПРМ – Партија на Ромите во Македонија – претседателот на партијата е градоначалник на Шуто Оризари, најголемата ромска населба.

*2.2.7. Ромски медиуми*

Како дел од политичките промени во 1990 година, Македонија изготви промени и во медумскиот живот во општеството. Ромите формираа свои радио и ТВ станици па дури и свои весници, на ромски јазик. Но многу често повеќето од тие чекори завршуваа неуспешно само заради финансиските проблеми т.е. недостатокот на пари.

Денес, во Македонија, во некои институциии кои се финансирани од државата, егзистираат ромски редакции, како на пр. во државната телевизија МРТВ. Исти такви редакции има и во некои приватни медиуми но, ромски поуспешни медиуми се: ТВ БТР во Скопје, ТВ Шутел во Скопје. Исто така постојат и неколку радио станици кои имаат програма на ромски јазик.

Повеќето од ромските новинари не се едуцирани за оваа работа. Но, има и групи на млади Роми кои по пат на работилници, организирани од страна на различни фондации, се стекнуваат со вештини за успешна работа со медиумите.

### *2.3. Центар на ромска заедница ДРОМ – Куманово*



Со цел да помогнат и да дадат свој придонес кон решавање на лошата положба на Ромите од Куманово, група на Роми се одлучи да формира органзација која ќе се бори против лошата положба на Ромите. Во исто време тие остварија и контакти со ромската програма (Roma Participation Program) во Институтот Отворено Општество (Open Society Institute) во Будимпешта, Унгарија, чии што контакти резултираа со подршка за формирањето на Центарот на ромска заедница ДРОМ.

*ЦРЗ ДРОМ* беше формиран во септември 1997 во Куманово. Мисијата на организацијата е да:

– изнаоѓа и да спроведува конструктивен и мирен начин за дијалог помеѓу малцинствата во Македонија;
– го презентира ромското прашање на национално и интернационално ниво;
– работи на еманципацијата на Ромите, покривајќи ги сите аспекти од животот во општеството;
– соработува со Ромите и другите во креирањето на иднината на Ромите;

Први чекори кон реализирање на точките од мисијата беа:

– организирање на работилница: предавање за процедурата за добивање на државјанство на Р. Македонија;
– промовирање на ромското прашање на национално ниво;
– организирање на Ромите за подобар пристап кон политичките избори;
– помош на младите Роми од Куманово;
– работа на заеднички проекти со други невладини организации (ромски и други);

Во галеријата на проекти еден од најуспешните до денес е проектот со локалната самоуправа на град Куманово. Токму овој текст има за цел да даде објаснување за проектот.

## 3. Добар пример: градење на инфраструктура во ромската населба Средорек

Проектот претставува еден од најхрабрите чекори на ЦРЗ ДРОМ каде што тие за партнер ја одбраа општината т.е. локалната самоуправа на градот

Куманово. Токму во тоа и е значењето на овој проект и причината зошто овој проект на ДРОМ подетално го елаборираме во следниот текст.

Местото каде што овој проект беше реализиран е ромската населба Средорек која е една од најголемите ромски населби во Куманово.

Цел на овој проект е развиток на ромските населби и нивна вклученост во главниот план на градот Куманово: да се изгради целосна водоводна, канализациска и телефонска мрежа во ромската населба Средорек. Понатака следи подетално објаснување за проектот.

## *3.1. Легенда за Средорек*

Ромите од Куманово и тие Роми кои сакале да живеат во Куманово сакајќи да се зближат меѓусебно, поточно речено да живеат заедно, пред себе си поставиле цел да формираат ромска населба. Оваа идеја наидува на масовна заинтересираност кај скоро сите Роми во тоа време па затоа и подоцна ја формираат истата.

За точното време на формирањето, ниту еден од жителите на оваа неселба не би можел да даде проверливи подароци. Додека веќе објаснетата легенда е многу позната на секого од постарата генерација.

Оние кои добро знаат за историјата на Ромите, воопшто, слушнале или прочитале дека Ромите кога формирале свои населби најчесто тоа го правеле покрај реките. Исто така и оние Роми кои патувале секогаш законачувале или се одмарале до реките или близу реките. Така и Средорек по својата местоположба е формиран на порозна почва и од своите две страни се граничи со две отпадни реки: Кумановка и Коњарка. Оваа населба (маало) многу често била поплавувана од поројни дождови кои предизвикувале прелевање на двете реки. Географски, Средорек се наоѓа близу до автобуската станица во Куманово.

## *3.2. Средорек денес*

Средорек денес претставува населба во која живеат некаде околу 3.500 Роми. Околу возрасните групи би можеле да кажеме дека ги има застапено сите и дека децата се најмногубројни. Роми постари од 50 год. ретко можат да се забележат. Феноменот на старосни групи кај Ромите е можеби многу интересен за анализирање или за дискусија. Во контекст на ова, сите ромски невладини организации од Куманово еднаш дебатираа на оваа тема. Така што на крај се донесе некој краен заклучок којшто гласи вака: „Условите во кои живеат Ромите, поточно условите во ромските населби многу често знаат да влијаат на нивниот живот или на тоа колку Ромите просечно живеат. Во редот на причини можат да се набројат: куќите каде што тие живеат, немање доволен простор за живеење, немање на вода, бројноста на децата, невработеноста и другите причини многу неповолно влијаат на Ромите од ромските населби". Истата таа прилика беше искористена да се потврди дека Ромите многу брзо

converter

converter

стареат; поточно речено, жените Ромки, бидејќи најголемиот дел од работите во куќата паѓа на жената. Таа се грижи за децата, куќата и сите други потребни работи кои ја сочинуваат секојдневната „женска мисија на жената Ромка во една куќа".

Но, сите тие Роми од било која старосна граница сочинуваат една исклучително сиромашна средина.

Како и сите ромски населби така и Средорек се карактеризира како:

- средина во која владеат нечовечки услови за живеење (средина во која нема вода или водоводен систем, неизградена канализација)
- средина во која често владеат и заразни болести или епидемии
- исклучиво ромска средина во која живеат само Роми
- средина во која владее сиромаштија, невработеност, needуцираност кај населението
- средина која е дискриминирана или средина која другите ја нарекуваат ГЕТО.

До пред средината на 1998 год. оваа неселба немаше изградено водоводен систем или пак луѓето од оваа населба водата до своите куќи морале да ја носат од јавните чешми. Овој податок неповолно влијаел на здравствениот аспект на таа населба. Оваа населба нема своја здравствена амбуланта па затоа населението било приморано да оди кај градскиот диспанзер во Куманово.

Следниот момент од нивниот живот е тоа што помеѓу Ромите од оваа неселба се чувствува огромна потреба за вработување: процентот на невработеност во оваа неселба е близу до максималните 100%. Кон ова, паралелно се надоврзува и нивната сиромаштија. Населението за својата материјална положба знае многу често и да прокоментира: „Многу подобро ни беше додека бевме во Германија азиланти, додека сега сме во своја земја па немаме леб за јадење". Скоро сите од невработените знаат понекогаш да работат некои сезонски работи (собирање на овошје). Другите, кои тоа не можат или немаат шанса да го прават, се надеваат и чекаат од државата и нејзината грижа за нив.

Многумина од нас често знаат да кажеме дека Ромите се најнедеуцирана нација. Но, многу малку од нас се прашуваат ЗОШТО?

Претходно набροените факти за животот на Ромите од Средорек можаат слободно да се земат како причина-шаблон и за сите Роми каде и да се населени. Ромите од Средорек, или пак, најмладите Роми, секојдневно се судираат со нивниот проблем на неедуцираност или недоволна едуцираност. Малите Роми се принудени наставата да ја посетуваат во најблиското училиште „11 Октомври" кое се наоѓа на 3 км. надвор од населбата. Многу често ромските дечиња од Средорек се среќаваат и со проблемот на дискриминација од страна на самиот училишен кадар и нивните школски другари. За успехот на ромските ученици на училиште е навистина тешко а понекогаш и срамно да се зборува додека не се анализираат причините за таквата појава. Многу ретко може да се слушне дека Ромите, ученици од Средорек имаат постигнато добри резултати во своите училишта.

На прв поглед, Средорек би ви изгледал како најмалиот град на светот којшто дотогаш сте го виделе. Оваа ромско гето во Куманово има неколку продавници со најразлична стока за продавање. Тука пазарот почнува од 8 наутро, а завршува во 8 навечер. Во поново време, со неколку активности на ЦРЗ ДРОМ, дел од Средорек е асфалтиран и има изградено и спроведено водоводна и канализациска мрежа до скоро сите ромски куќи. ЦРЗ ДРОМ и нивната иницијатива за максимална можна вклученост на прашањето на Средорек и Ромите на ниво на општиско решевање се повеќе вродува со успех. На пример, од оваа средина еден Ром е претставник во националната комисија на градот Куманово. Средорек од почетокот на 1999 год. е прогласен за месна заедница. Од оваа средина произлезе и една хуманитарна организација, сериозен партнер на ЦРЗ ДРОМ. Многу често Средорек е посетуван од странски делегации и НВОи, но, за жал, многу малку од ветеното е исполнето.

## *3.3. Партнери и зошто токму локалната самоуправа како партнер во проектот*

Во претходниот пасус беше објаснето што претставува Средорек и што се повеќето од проблемите на таа ромска населба.

По подолг мониторинг на терен т.е. на населбата Средорек, активистите на ЦРЗ ДРОМ од Куманово имаат забележано многу недостатоци, потреби или пак полиња за работа. Нивниот мониторинг беше остварен со директни посети на ромските фамилии, отворени разговори на повеќе теми, посета на теренот. При тие разговори со граѓаните, забележано беше дека Ромите од таа населба за приоритетни проблеми на кои би требало да се работи се:

– подобрување на животните услови или градење на инфраструктура
– сиромаштијата
– невработеноста и др.

Па затоа ЦРЗ ДРОМ се одлучи прв чекор да им биде работата на проблемот со подобрување на инфраструктурата во Средорек.

Одговорот на ДРОМ ЗОШТО или ШТО беше причината тие да се одлучат за овој приоритет во нивната работа во следниве неколку години.

ДРОМ по честите посети на ромските населби во Куманово, кои ги има 8 на број, за населба во која има многу од тоа што да се направи се одлучи за Средорек од следниве причини:

Средорек е една од најстарите ромски населби во Куманово во која од многу одамна егзистираат многу проблеми. Кога се зборува за постоење на проблеми, се мисли на проблеми кои ги оптоваруваат сите генерации. Најмладите се сретнуваат со проблемот на мотивираност за посетата на училиштата и нивно активно учество во образовниот систем на Македонија. Паралелно со ова се надоврзува нивната позиција во општеството. Многу често, како причина за проблемите со децата се истакнуваат нивните родители.

Тоа значи дека децата се слика на тоа каква е состојбата во фамилијата. Кога се зборува за проблемот на постарите, би требало да се обрне поголемо внимание. Секако, кога во фамилијата родителите не се вработени или пак немаат никаква квалификација за да работат нешто, нормално е да се сретнуваат со тој тип на проблем. Од друга страна, кога тие се принудени да бидат само социјален случај на таа земја, тука, во таа средина, под тие околности, се нема на ум, се нема идеја за некаква активна и задолжителна партиципација во нормалните движења на општеството. На сето ова се надоврзуваат и нивните проблеми со условите за живеење. Тоа значи дека веќе познатите услови во ромските гета, каде и да се, и во Средорек се забележливи и егзистираат.

Земајќи ги в предвид сите овие проблеми и анализирајќи ги, заклучивме дека ДРОМ треба да започне од проблемот број еден: со проблемот со нивните услови за живеење.

ДРОМ од Куманово се одлучува на прв чекор кој би опфаќал градење на една или две јавни чешми во Средорек. Но, како и кај сите организации, се постави прашањето кој би можел тоа да го подржи бидејќи знаеме за фактот дека фондациите многу ретко финасираат проекти од овој тип. Но, за среќа, оваа идеја на ДРОМ многу успешно поминала на презентацијата на проектот кај Roma Participation Program од Институтот Отворено Општество – Будимпешта, со што истите тие по краток период се одлучуваат за подршка на проект во кој тие би финасирале градење на планираните чешми во Средорек. Во исто време, ДРОМ беше обврзан за овој тип на активност да ја информира и локалната самоуправа и градоначалникот, од кој е побарано дозвола за започнување на изведбата. Во тек на барањето на дозволата активистите на ДРОМ доаѓаат на идеја и општината да биде финансиер на дел од активностите од проектот. Успешното презентирање на овој проект и доброто лоби кај општината резултира со тоа што и општината се вклучува во преоктот и како морален поткрепител и донатор на поголем дел од проектот.

Од интервјуто со Ахмет Јашаровски, претседател на ДРОМ-Куманово, се заклучува дека како спонзори на овој проект на ЦРЗ ДРОМ се појавуваат Roma Participation Program при Институтот Отворено Општество од Будумпешта и локалната самоуправа на град Куманово.

Ви го пренесуваме најзначајниот дел од интервјуто со Ахмет Јашаревски – претседател на ЦРЗ ДРОМ.

> Мартин: Пред сѐ би сакал да Ви честитам на успешниот проект кој што го релизиравте минатата година во Вашиот град. Дали би биле љубезни да ни кажете зошто токму локалната самоуправа ја избравте за партнер или финансиер на проектот?
>
> ДРОМ: Како што веќе еднаш Ви реков, локалната самоуправа на Куманово многу ретко покажуваше интерес за градење или пак за финансирање некои проекти во ромските населби. Значи дека на овој начин сакавме да го свртивме вниманието на општината за постоењето на проблемите

MACEDONIA

во Средорек или пак да укажеме дека општината има многу што да работи во Средорек.

Втора причина е што размислувавме како да ја натераме локалната самоуправа да размислува за инфраструктура, електрификација, телефонската мрежа и останатите битни структури за една ромска или било која населба.

Трета причина е што на овој начин сакавме локалната самоуправа да ја мотивиравме за во иднина да креира буџетна ставка за финансирање на проекти со невладините организации. Воедно, кај локалната самоуправа сакавме да иницираме на некој начин локалната самоуправа да размислува долгорочно за ромските населби во Куманово.

Нашата последна цел ни беше ромската населба Средорек, која постои уште од времето на Турците во Македонија, да влезе во урбанистичкиот план на градот.

## *3.4. Опис на реализацијата на проектот*

После двемесечно преговарање и лобирање кај локалната самоуправа, проектот на ЦРЗ ДРОМ од Куманово својот почеток го има регистрирано од октомври до ноември 1999.

Цел на преоктот беше да се изгради целосна водоводна, канализациска и телефонска мрежа во ромската населба Средорек. На овој начин ДРОМ сакаше да обезбеди најнеопходни услови за нормален живот на Ромите во таа населба. Со овој проект беа опфатени 53 фамилии кои досега имале потешкотии и проблеми со снабдување на вода, и Роми кои боледувале од цревни заболувања, камен во бубрег, итн.

Проектот започнува со ископување на земјиштето за да се воспостави водоводна мрежа од главната шахта (која се наоѓа надвор од населбата) до друга главна шахта (која се наоѓа во населбата) за потоа да се разграни сè до куќите на локалното население.

Сите ископувања беа извршени од страна на јавното претпријатие Водовод а на местата кои беа недостапни за машините, беа вклучени и Ромите од населбата. Напоредно додека се работеше на ископување и поставување на водоводната мрежа се работеше и на инсталирање на телефонската мрежа. По поставувањето на главната водоводна мрежа јавното претпријатие Водовод учествуваше во приклучувањето на водата и водомерите до самите куќи. За секој приклучок секоја куќа требаше да плати за приклучок сума во висина од 12.000 ден. или пак, во противредност, околу 400 ДЕМ. Во однос на ова правило изречено од страна на јавното претпријатие Водовод, ДРОМ реагираше за тој износ да биде преполовен и исплатен на шест месечни рати. Причина за ваквата реакција од страна на ДРОМ е тоа што локалното население немаше многу материјални средства со кои би можело да го плати тој износ. Локалното население за оваа иницијатива на ДРОМ го покажа своето задоволство со тоа што сите работо-способни мажи и жени учествуваа

во овој проект. Нивната задача во овој проект беше да претставуваат добра замена на машините кои дел од својата работа не можеа да ја извршат. Значи дека проектот располагаше и со човечки ресурси.

Како и секој проект, така и овој имаше некои потешкотии околу реализацијата. На пример, при партиципацијата од 6000 ден. за поставување на водомер, некои од фамилиите не беа во можност да го исплатат тој износ. При тоа ДРОМ реагираше на следниов начин: На главниот приклучок кој што некогаш бил изграден од страна на јавното претпријатие и кој се наоѓа надвор од населбата Средорек, се постави еден главен водомер за целата населба со цел оние фамилии кои немаат водомер да бидат опфатени со плаќање на водоводните услуги; би ја одземале сумата од главниот водомер со сумата од целосно потрошената вода од целата населба.

Проектот на ДРОМ од Куманово кој што беше наменет за Ромите кои живеаат во најголемата ромска населба беше подржан од страна на:
– Roma Participation Program од Open Society Institute-Budapest
– Локалната самоуправа на град Куманово

Целиот проект на ДРОМ-Куманово имаше буџет од 80.000 УСД од кои 1.500 УСД беа донирани од страна на Roma Participation Program од Open Society Institute-Budapest кои беа искористени за:
– купување на црево во должина од 540 метри
– склопки и др.

Додека другата сума или пак останатите 78.500 УСД беа донирани од страна на локалната самоуправа на град Куманово. Финансиската подршка на локалната самоуправа беше искористена за исплаќање на следниве услуги:
– ископување на теренот
– поставување на мрежата
– купување на цевки во должина од 540 метри
– плаќање на работници
– плаќање на механизација
– алати и друго

## 4. Заклучоци и препораки

1. Со цел што подобро да ја сумираме работата на ЦРЗ ДРОМ и да ги добиеме сите информации „од прва рака", уште еднаш му се обративме на претставникот на ДРОМ којшто беше љубезен и ни одговори на следниве прашања:

> Мартин: Добро, по сето ова се заклучува дека Вашата организација во изминатиов период има реализирано успешен проект. Претпоставувам дека по овој проект Вашата организација би имала што да забележи во својата книга на искуства. Па, во тој контекст дали би сакале да ни кажете што сè

ДРОМ „вкусил" додека го реализирал овој проект со локалната самоуправа од вашиот град.

ДРОМ: Навистина ДРОМ имаше што да научи додека го реализираше овој проект.

Навистина ни претставуваше голема потешкотија да ѝ пријдеме на локалната самоуправа во Куманово. За овој чекор размислувавме многу време т.е. на некој начин многу размислувавме дали локалната самоуправа ќе ја прифати нашата идеја за соработка. Од друга страна, навистина треба да му се заблагодариме и на градоначалникот за неговото искажано разбирање за соработка со нас. Од овој прв чекор би можело да се заклучи дека треба да ѝ се пријде на локалната самоуправа без разлика дали тие ќе ја прифатат вашата идеја за соработка. Тоа треба да го направите заради тоа што е корисно за секоја организација да ѝ биде позната на локалната самоуправа, да се знае за неа и за нејзините идеи.

Да, и преку овој проект дојдовме до заклучок дека ако некоја ромска или некоја друга населба се сретнува со проблемот на диви градби би можела да го реши на следниов начин: пријдете ѝ на локалната самоуправа со цел нешто да подобрите, и ако имате среќа локалната самоуправа да ви излезе во пресрет и потврдно да ви одговори, тогаш потрудете се да го реализирате проектот колку што можете најдобро. Внимавајте тој проект да претставува некоја подолгорочна активност или пак да е поскап. На тој начин ќе ја обврзете локалната самоуправа после неколку години и да го легализира тој простор. Тоа значи дека ниту една следна постава на локална самоуправа не би сакала да сруши нешто во што некогаш вложила пари.

Во оваа прилика ДРОМ заклучи дека навистина е неопходна соработка со локалната самоуправа. Истото тоа ние го почуствувавме и од страна на локалната самоуправа: дека таа во некои случаи бара партнери за разрешување на нивните проблеми. Дека нашата соработка беше успешна зборува фактот дека продолжуваме да соработуваме со локалната самоуправа во некои аспекти од ромскиот живот во Куманово.

Сега соработката со локалната самоуправа ни е многу полесна и не бара многу време за процедурите кои треба да бидат запазени при реализација на било каков проект.

2. Од сето оваа би можело да се заклучи дека голем е значајот на сите овие активности како за ромската така и за не-ромската страна, ако така можеме да кажеме. Кога говорам за значењето на активностите, тука би ги набројал следниве точки кои на овие активности им даваaат позитивна карактеристика:

– промовирање и подигање на ромското прашање на ниво за размислување за тоа;
– активирање на самите Роми во изнаоѓање на решение за своите потреби;
– развивање на јавната свест за проблемот на Ромите;
– поттик за преземање на долгорочни чекори за работа на ова прашање;
– барање на начини како некои институции би можеле да соработуваат помеѓу себе, или, со други зборови, развивање на партнерство;

– извршување на главната мисијата на секоја невладина организација т.е. забележување на аномалиите и лобирање кај владините институции во градот или државата;
– пружање на подобри услови за живот на Ромите од Средорек;
– развиток на ромските населби и нивна регистрација во главниот план на градот;
– развивање на „ромската свест" за нивниот проблем итн.



Проектот на ДРОМ покрај претходно набројаните карактеристики бележи и една многу значајна карактеристика. Овој проект е прв од таков вид на проекти во Куманово кој е наменет за Ромите. Тоа значи дека во минатато се нема заблежано таков чекор кој што доаѓа од Ромите, или, пак, она најдоброто досега, локалната самоуправа на град Куманово немала покажано интерес за Ромите и ромските населби. Друга корист од овој проект е што ДРОМ обезбеди свое место за соработка со еден не така мал и незначаен партнер од градот.

Со оваа ДРОМ не ја заврши својата мисија во Ромските населби туку и понатаму продолжува со реализација на следните чекори од истиот проект или пак води нови проекти. Тие веќе го реализираат вториот дел од истиот проект. Но, овој пат, како финансиери на тој проект се појавуваат ИРЦ (International Rescue Commity) и локалната самоуправа. Во втората фаза на проектот се обрнува внимание на канализацијата и водоводната мрежа во оние делови од Средорек кои што не беа покриени во минатата фаза. Овој пат, пристапот до градоначалникот и комуникацијата со него е многу попријателска. Тоа значи дека ДРОМ и неговата активност е многу позната во Куманово и по други проекти.

Како што беќе еднаш споменав ДРОМ не ја заврши својата мисија во Средорек. Заедно со МПДЛ и ECHO овој пат тие се ангажирани околу еколошкиот аспект на Средорек. Проектот опфаќа целосно чистење на речното корито на двете реки во Средорек (Кумановка и Коњарка) и поставување на контејнери во Средорек. Понатака следи градење на неколку мостови кои ќе имаат за цел да служат како места преку кои со помош на Комунална хигиена од Куманово ќе се исфрлува целото ѓубре од Средорек, а воедно и да ја спојат населбата со соседните населби.

Планот на ДРОМ во 2000 година е подетално да се позанимава со локалната владина структура и Ромите во неа. Да реализира проекти со кои ќе обезбеди долготрајна корист за Ромите и нивна масовна вклученост во локалните тела на градот.

При тоа и заедно со овие луѓе научив нешто повеќе:
– Како навистина е можно воспоставување на соработка помеѓу локалната самоуправа и некоја невладина организација. Но при тоа ќе треба да ги запазите принципите на професионалност и принципиелност. На пример, локалната самоуправа во Куманово сака да соработува со сите и на сите полиња. Но секогаш за тоа ќе биде потребно некој да ја мотивира или да ѝ пријде со цел да соработува или пак да ја натера да помогне некаде.

Кога ѝ приоѓате на локалната самоуправа немојте да ѝ приоѓате од дистанца дека вие сте невладина организација или пак тие се владина институција. На локалната самоуправа треба само да ѝ покажете дека сте сериозен партнер. А, кога сме кај партнерите, многу подобро е да ѝ пријдете со веќе некој најден партнер за на тој начин да ги мотивирате за да соработуваат со вас. Но исто така и тој партнер ќе треба да ја има таа карактеристика на сериозност и професионалност.

– Ромското прашање го има во толку многу аспекти од секојдневниот живот. Навистина Ромите каде и да се, се сретнуваат со повеќе фактори кои ги прават да се чувствуваат како запоставени од државата или пак од оние кои би требало да се грижат или да ги застапуваат нивните потреби. Кога го велам ова би сакал да ставам акцент на дискриминацијата која што мора да признаеме дека постои.

# *Part Two*

## *Overcoming the Consequences of War: Bosnia and Herzegovina, Croatia and the Federal Republic of Yugoslavia*

# *Drugi dio*

## *Prevazilaženje posljedica rata: Bosna i Hercegovina, Hrvatska, SR Jugoslavija*